Центар за економски анализи
Email: ilina.ristoska@gmail.com или
vesnaxxx@excite.com
www.cea.org.mk
www.lsg-data.org.mk

*Центарот за Економски Анализи (ЦЕА) е "think tank" на економисти кои ја делат заедничката визија за Република Македонија како нова растечка Европска економија интегрирана во регионалниот и светскиот Пазар.*

*Мисијата на ЦЕА е континуирано да врши истрадувања за економскиот развој и економската политика на Република Македонија и врз основа на тоа да понуди препораки, предлози и мерки каде што смета дека е соодветно.*

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

## ЦЕА ја финализира Студијата за Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија

Центарот за економски анализи-ЦЕА врз основа на склучениот договор со Владата на Република Македонија, Генерален секретаријат, Секретаријат за европски прашања - ГТЗ Проект изготви Студија за “Економски развој на регионите во Република Македонија во споредба со регионите на Европска Унија” кој го достави на 15 февруари 2006 година.

Во рамките на овој проект, Центарот за економски анализи (во натамошниот текст: ЦЕА) за првпат направи споредба на регионално ниво (согласно Номенклатурата на територијални единици за статистички цели-НУТС 3) помеѓу Република Македонија и 25 земји членки на Европската Унија. НУТС 3 нивото во Република Македонија се состои од осум статистички региони (Скопски регион, Полошки регион, Југозападен регион, Пелагониски регион, Вардарски регион, Југоисточен регион, Источен регион, Североисточен регион). Притоа, се врши споредба на неколку индикатори: регионален БДП по жител (според методот - паритет на куповната моќ), стапката на невработеност, како и стапката на невработеност според полот.

Мерењето на регионалните социо-економски диспаритети во земјата и обезбедувањето на нивна меѓународна споредливост се извонредно важни фактори во водењето на регионалната политика, односно политиката на полицентричен развој. Преку публикување квалитетни статистички податоци и социо-економски анализи за македонските региони, Republika Makedonija vo pretpristapniot period, }e treba da se podgotvuva za idna implementacija na Strukturnite fondovi na Unijata i ubla`uvawe na regionalnite razliki.

Социо-економските индикатори се основниот критериум за изработка на типологијата на регионите во ЕУ и оттаму, тие ќе го детерминираат пристапот до Структурните фондови.

Вкрстената анализа на индикаторите за економската активност покажува дека големите регионални разлики се покарактеристични за земјите кои имаат

поголем број на региони, како на пример, Велика Британија, Германија и Франција. По правило, колку е повисок степенот на просторно дезагрегирање (поголем број на региони) толку повеќе растат и диспаритетите изразени преку БДП по жител. Така на пример, во Велика Британија која има 133 региони и во Германија со дури 438 региони, односот меѓу најбогатиот и најсиромашниот регион е 9,7 и 7,2, респективно. Од друга страна, БДП по жител на скопскиот регион е значително над просекот на земјата, но сепак, тоа е само 43,0% од просекот на Унијата. Економската активност на овој регион е единствено повисока од просекот на две земји-членки на ЕУ (Летонија со 39,0% и Литванија со 42,4%).

Република Македонија се карактеризира со исклучително нерамномерна економска развиеност на регионално ниво, која е атипична за земјите со мала територија (и мал број на региони). Постојат неколку можни објаснувања за големите регионални диспаритети во Република Македонија: ниски буџетски алокации за развој на инфраструктурата во недоволно развиените подрачја; нерамномерна дисперзија на сивата економија; водење стихијна, а не конзистентна регионална политика, и сл.

Стапката на невработеност во РМ е за дури четири пати повисока стапка од просекот за ЕУ (8,9%), два и пол пати повисока од просекот на десетте нови земји членки на ЕУ (14,9) и двапати повисока од земјата членка на ЕУ со највисока стапка на невработеност - Полска (19,9%). Освен Скопскиот регион, кој со стапка на невработеност од 30,4% е подобар од четири региони во Полска, останатите седум македонски региони би биле на дното од листата на ЕУ региони според стапката на невработеност.